# ПРИЛОГ 1- ДЕФИНИЦИИ И ТОЛКУВАЊА

## СОДРЖИНА


ПРИЛОГ 1- ДЕФИНИЦИИ И ТОЛКУВАЊА ........ 1

1. Термини по азбучен ред ........ 1
2. Дефиниции ........ 2
   2.1 Кратенки кон правни акти ........ 2
   2.2 Термини за РПП и видови на договори ........ 2
   2.3 Договорни Страни и Претплатник ........ 2
   2.4 Термини поврзани со предвидување и нарачување ........ 2
   2.5 Технички дефиниции ........ 3
3. Општи правила на толкување ........ 4
   3.1 Толкување на времетраењата ........ 4
   3.2 Еднина и множина ........ 4
4. Толкување на кратенки ........ 4


## 1. Термини по азбучен ред


| | |
|---|---|
| Барање | 2.7.4 |
| Влезен сегмент (eng. Feeder) | 2.5.7 |
| Внатрешна инсталација во зградите | 2.5.5 |
| Галерија | 2.5.11 |
| Физичка инфраструктура и специфични мрежни средства | 2.5.1 |
| Агрегациски сегмент (eng. backhaul) | 2.5.8 |
| ЗЕК | 2.1.1 |
| Индивидуален Договор | 2.2.3 |
| Кабелска канализација | 2.5.3 |
| Кабелскашахта | 2.5.4 |
| Квартално тековно предвидување | 2.4.2 |
| Македонски Телеком АД | 2.3.1 |
| Место за поднесување на барања до Македонски Телеком АД | 2.4.6 |
| Мрежно подрачје | 2.5.2 |
| Микрокабел | 2.5.16 |
| Микроцрево | 2.5.15 |
| Микроцрево за модуларен кабелски состав | 2.5.17 |
| Неискористени кабли | 2.5.9 |
| Оператор-корисник | 2.3.2 |
| Оптичка пристапна мрежа | 2.5.13 |
| Оптички кабел | 2.5.14 |
| Општ Договор за Пристап | 2.2.2 |
| ПВЦ цевка | 2.5.19 |
| ПЕ црева со мал дијаметар | 2.5.18 |
| Правилник | 2.1.2 |
| Претплатник | 2.3.4 |
| Предвидување | 2.4.1 |
| Пристапна мрежа | 2.5.12 |
| Простор во цевка или црево | 2.5.20 |
| Почетно предвидување | 2.4.3 |

Референтна понуда за пристап – РПП 2.2.1
Страна 2.3.3
Страната Барател 2.3.2
Терминирани сегменти 2.5.6
Точка на примопредавање 2.5.10
Формулар за барање 2.4.5
Црево 2.5.3.1

## 2. Дефиниции

### 2.1 Кратенки кон правни акти

**2.2.1.1 „ЗЕК"** значи Закон за електронските комуникации.

**2.2.1.2 „Правилник**" е Правилник за пристап до физичката инфраструктура и користење на специфични мрежни средства.

### 2.2 Термини за РПП и видови на договори

**2.2.2.1 „Референтна понуда за пристап - РПП**" значи тековна Референтна Понуда за обезбедување на пристап до физичката инфраструктура и користење на специфични мрежни средства одобрена од АЕК, во која се дефинирани Услугите кои ги нуди Македонски Телеком АД и условите на нивното користење и техничка имплементација. Врз основа на овие услови Страните го склучуваат Општиот Договор за Пристап.

**2.2.2.2 „Општ Договор за Пристап"** значи општ договор потпишан од Страните врз основа на Услугите дефинирани во РПП и неопходните услови потребни за нивна имплементација.

**2.2.2.3 „Индивидуален Договор**" значи Индивидуален Договор за пристап до физичката инфраструктура и користење на специфични мрежни средства кој се склучува помеѓу Операторот-корисник и Македонски Телеком АД.

### 2.3 Договорни Страни и Претплатник

**2.2.3.1 „Македонски Телеком АД**" значи АД Македонски Телекомуникации (Скопје, Кеј 13 Ноември бр.6)

**2.2.3.2 „Страната Барател" или „Оператор-корисник**" е правно лице на кое АЕК му издала регистрација на нотификација за обезбедување на јавни комуникациски мрежи и услуги.

**2.2.3.3 „Страна**" значи или Македонски Телеком АД или Страната Барател, во зависност од контекстот. „**Страни**" значи Македонски Телеком АД и Страната Барател заедно.

**2.2.3.4 „Претплатник"** е физичко или правно лице кое за користење на јавни комуникациски услуги склучува договор со оператор кој ги обезбедува тие услуги.

### 2.4 Термини поврзани со предвидување и нарачување

**2.4.1 „Предвидување**"значи почетно предвидување и квартално тековно предвидување.

**2. 4.2 „Квартално тековно предвидување"** значи документ кој треба да биде ажуриран од Страната Барател на квартална основа, опишан во Додаток 2 (Формулар за Предвидување) од РПП.

**2.4.3 „Почетно предвидување**" значи првото Предвидување доставено од Страната Барател, како посебно Квартално тековно предвидување, во кое првиот квартал може да биде пократок од календарски квартал и првиот квартал е периодот помеѓу доставувањето на првото Барање до Македонски Телеком АД и почетокот на следниот календарски квартал.
**2.4.4 „Барање**" значи Барање за пристап за пристап до физичката инфраструктура и користење на специфични мрежни средства.

**2. 4.5 „Формулар за барање**" значи формулар што кој е составен дел на РПП со кој Страната Барател може да поднесе Барања за пристап што може да се користат според РПП, опишано во Додаток 1 (Формулар за Барање) од РПП.

**2. 4.6 „Место за поднесување на барања до Македонски Телеком АД"** значи местото за односи со корисници на Сектор за регулативни и големопродажни прашања на Македонски Телеком АД. Адреса: "Кеј 13 Ноември" бр. 6, Управна зграда, осми спрат.

**2.5 Технички дефиниции**

**2.5.1 „Физичка инфраструктура и специфични мрежни средства"** е мрежа на кабелски инсталации и останати придружни капацитети чиј имател е Македонски Телеком АД. Истата се става на располагање за заедничко користење со операторот-корисник со цел да не се дуплицираат инфраструктурните мрежи во Република Македонија.

**2.5.2 „Мрежно подрачје"** представува подрачје (или дел од населено место) во кое пристапната мрежа конвергира кон една главна точка од која се врши управување со истата.

**2.5.3 „Кабелска канализација"** е дел од физичка инфраструктура која се состои од мрежа на подземни канали и/или цевки од соодветен материјал, кабелски шахти и кабелски галерии, која служи за поставување и заштита на електронски комуникациски кабли;

**2.5.3.1. Црево е дел** од електронска комуникациска физичка инфраструктура направени од соодветен материјал кои служат за поставување на електронски комуникациски кабли;

**2.5.4 „Кабелска шахта"** е подземна просторија со повеќенаменска улога, која се поставува на местата каде што има продолжеток на каблите или промена на насоката на кабелската канализација;

**2.5.4 " Хоризонтална кабелска канализација"** ги вклучува оние физички елементи кои што постојат во централната мрежа (core network) и во пристапниот дел до крајните корисници (access network);

**2.5.5 „Вертикална кабелска канализација (внатрешна инсталација во зградите)"** ги вклучува физичките елементи инсталирани по зградите;

**2.5.6 „Терминирани сегменти"** се сегменти кои се наоѓаат помеѓу дистрибуциската точка и краен корисник (или спојна кутија) во случај на точка-до-точка оптички мрежи и бакарни мрежи или оптички сплитер и краен корисник (или спојна кутија) во случај на точка-повеќе-точки пасивни оптички мрежи;

**2.5.7 „Влезен сегмент (eng. feeder) "** е сегмент кој се наоѓа помеѓу оптичкиот разделник (Optical Distribution Frame) или главниот разделник (Main Distribution Frame) и дистрибуциската точка (или оптичкиот сплитер);

**2.5.8 „Агрегациски сегмент (eng. backhaul) "** е сегмент кој се наоѓа помеѓу оптичкиот разделник (Optical Distribution Frame) или главниот разделник (Main Distribution Frame) и IP управуваната мрежа (backbone);

**2.5.9 „Неискористени кабли"** се кабли кои што не се користени во претходната година и кои што нема да се користат согласно моменталните или идните предвидливи потреби за период од пет години и истите се неактивни во целост.

**2.5.10 „Точка на примопредавање"** е точка на влез во /излез од инфратсуктурата поставена по барање на операторот корисник во мрежната инфраструктура на Македонски Телеком АД.

**2.5.11 „Галерија"** е подземна просторија која служи за сместување на голем број на кабли поставена пред влезот на објектот каде е сместен главниот разделник (Main Distribution Frame) на Македонски Телеком АД.

**2.5.12 „Пристапна мрежа"** е збир на сите технички ресурси која им обезбедува пристап на корисниците на поединечна мрежа до јавни телекомуникации.

**2.5.13 „Оптичка пристапна мрежа"** претставува пристапна мрежа во која како преносен медиум се користи оптичко влакно.

**2.5.14 „Оптички кабел"** е структура од едно или повеќе оптички влакна со секундарна заштита која има еден или повеќе заштитни нивоа на дополнителна заштита.

**2.5.15 „Микроцрево"**: претставува црево со мал надворешен дијаметар и со мал внатрешен ѕид кој овозможува многу мал коефициент на триење. Надворешниот дијаметар на микроцревото може да биде 5 мм и 10 мм, а најчесто се употребува за повеќекратно искористување на веќе постоечките ПЕ црева.

**2.5.16 „Микрокабел”**: оптички кабел со минимални надворешни димензии и со една обвивка.

**2.5.17 „Микроцрево за модуларен кабелски состав”**: структура од повеќе микроцрева од ист или различен дијаметар која има еден или повеќе заштитни обвивки. Ваквата структура може да се поставува директно во земја, вовлекува во веќе постоечки цефки, за изработка на куќна инсталација и да се поставува на телекомуникациски столбови.

**2.5.18 „ПЕ црева со мал дијаметар”**: претставува цевка изработена од полиетилен со висока густина, со надворешен дијаметар од 30 мм и 42 мм, а се употребува за повеќекратно искористување на веќе постоечката кабелска инсталација или изработка на нова кабелска инсталација.

**2.5.19 „ПВЦ цевка”**: претставува цевка изработена од поливинилхлорид и се употребува за изработка на кабелски инсталации.

**2.5.20 „Простор во цевка или црево”** е простор кој е дефиниран со напречниот пресек на цевката или цревото (цевка, црево или микроцрево).

## 3. Општи правила на толкување

### 3.1 Толкување на времетраењата

**3. 1.1** Времетраењето наведено во форма на даден број на **“денови”** значи календарски денови класифицирани како работни денови според македонската регулатива.

**3.1.2** Времетраењата наведени како даден број на **“недели”, “месеци”** или **“години”** треба да се толкуваат како календарски недели, месеци или години, освен доколку дадениот контекст не наведува поинаку.

**3. 1.3** Календарскиот месец започнува на денот кој следи по референтниот датум и ќе трае до денот во следниот месец кој е еднаков на референтниот датум, или доколку нема таков ден во наредниот месец, тогаш ќе трае до последниот ден од наредниот месец.

### 3.2 Еднина и множина

Според контекстот, зборовите во еднина можат да имаат значење и на множина и обратно.

## 4. Толкување на кратенки

**AEK** Агенција за Електронски Комуникации
**DDF** Digital Distribution Frame (Дигитален разделник).
**ECL** Electronic Communications Law (Закон за електронски комуникации)
**MDF** Main Distribution Frame (Главен разделник)
**ODF** Optical Distribution Frame (Оптички разделник)
**PSTN** Public Switched Telephone Network (Јавна комутациска телефонска мрежа)
**RSU** Remote Switching Unit (Далечна Комутациска Единица)
**HDF** Handover Distribution Frame (Разделник За Примопредавање)